Утрински весник, 17/1/2014

Мислење

# Балканот во 2020



**Горан Свилановиќ**

**Седум економии од Југоисточна Европа имаат вкупен економски развој кој е еднаков со оној на Португалија. Ова мора да се смени**

Дали знаете дека камионите со стока патуваат од Љубљана до Тирана повеќе од пет дена?

Дали знаете дека во моментов просечниот бруто домашен производ (БДП) во земјите од регионот изнесува само една третина од просечниот БДП на земјите членки на ЕУ?

Дали знаете дека само во последните пет години земјите во регионот ја удвоија својата задолженост, а 800.000 вработени ги загубија своите работни места?

Регионот инфраструктурно и економски не е доволно поврзан. Политиката на зачувување на макроекономската стабилност со постојано задолжување и отпуштање на работниците доведе до драматични последици во секое засегнато семејство, но, исто така, го потресе демократскиот систем и вредностите врз кои почиваат нашите општества.

Седум економии, чиј вкупен економски развој е еднаков со оној на Португалија. Ова мора да се смени!

Кон крајот на ноември 2013-та во Сараево претставниците на Македонија, Србија, Косово*, Босна и Херцеговина, Албанија, Црна Гора и Хрватска, усвоија сеопфатна стратегија изготвена од страна на Советот за регионална соработка, наречена „Југоисточна Европа 2020 - работни места и просперитет во европска перспектива". Зад стратегијата ЈИЕ 2020 стојат седум влади решени, со поддршка од Советот за регионална соработка и Европската комисија, да им овозможат на своите граѓани поквалитетен живот, да ги поведат кон излезот од кризата.

Ова конкретно значи: да се отворат еден милион работни места во регионот во текот на следните седум години, да се зголеми енергетската ефикасност за 9 проценти, продуктивноста на владите за 20 проценти, двојно да се зголемат трговијата и инвестициите, и на крајот - да се зголеми продуктивноста за една третина.

Освен тоа, потребен е образовен систем кој ќе го зголеми за 300.000 бројот на високообразовани млади експерти со реални можности за вработување; зголемување на вработеноста од 39 на 44 отсто и покачување на вкупниот регионален трговски промет од 94 на 210 милијарди евра.

Ова се само бројки, но тие сведочат за амбициите на Стратегијата ЈИЕ 2020, како и за свеста дека од кризата не може да се излезе преку отпуштања. Економските критериуми за пристапување кон ЕУ остануваат сосема јасни - функционална пазарна економија и капацитет за конкурентност, способност да се натпреваруваме на пазарот на ЕУ.

Кризата ги загрози изгледите за пристапување кон Европската унија. Граѓаните на ЕУ нема да го поддржат влезот на земјите кои се економски многу послаби од оние во ЕУ. Целосно спроведување на Стратегијата ЈИЕ 2020 и исполнување на многу прецизни и мерливи цели кои се во неа утврдени, е начин да се намалат разликите, а ние самите да се доближиме до стандардите на ЕУ во образованието, вработувањето, условите за работа и продуктивноста. Покрај зголемувањето на вработеноста, приоритетна цел на Стратегијата 2020 е БДП на регионално ниво да се зголеми до близу половина од просечниот БДП на ЕУ.

Во наредните години главната дејност на Советот за регионална соработка ќе биде да се обезбеди спроведување на Стратегијата ЈИЕ 2020. За таа цел воспоставивме детален систем за следење на напредокот на секоја земја поединечно. Веќе сега имаме оперативен и акциски план кој ги вклучува економиите од регионот, во секоја економија дури и до 20 министерства и агенции, 15 регионални секторски координатори, приватниот сектор, граѓанското општество, меѓународни организации и донатори. Граѓаните ќе бидат редовно информирани за остварените резултати преку годишниот извештај на Европската комисија за напредокот во пристапувањето кон ЕУ.

Македонската влада ја усвои стратегијата „ЈИЕ 2020 - Работни места и просперитет во европската перспектива" и заедно со другите земји ја поддржа како заедничка стратегијата за развој на регионот. Во спроведувањето на Стратегијата ЈИЕ 2020, Македонија може да смета на целосна поддршка на Советот за регионална соработка, на комесарот за проширување и на Европската комисија, како што заклучи и Советот на Европската унија на 17 декември 2013 година.

(Авторот е генерален секретар на Советот за регионална соработка)

http://mapo.al/2014/01/17/europa-juglindore-2020-cfare-duhet-ndryshuar/